Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2021-2024 ЗА ПЕРИОД 01 ЈУЛИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Во согласност со Политиката за активна транспарентност, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци изработува и јавно објавува извештај за степенот на реализација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2021-2024 година и годишните планови на активности кои произлегуваат од истиот.

Шестмесечните извештаи се изработуваат стандардизирано, во посебно дизајнирана матрица, која е дел од Планот.

Шестиот Извештај за степенот на имплементација на Планот за интегритет се однесува на периодот 01.07 – 31.12.2024 година.

Откако ќе се спроведе Планот за интегритет 2021-2024, во 2025 година ќе се изврши евалуација на напредокот постигнат со спроведувањето на Планот.

Одговорно тело за следење на имплементацијата е Работната група за градење интегритет во Министерството за одбрана.

За периодот 01.07-31.12.2024 година, согласно Планот за интегритет 2021-2024 и Планот на активности за 2024 година, беа реализирани четири активности или поделено по области: Човечки ресурси – една активност, Јавни набавки – една активност и Внатрешна контрола – две активности. Истите се спроведуваат со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.

Согласно информирањето од страна на CIDS поврзано со ограничените ресурси со кои располагаа минатата година, односно лимитираните можности за патувања на нивните експерти, дел од обуките и активностите од Планот на активности за 2024 година кои требаше да се реализираат во 2024 година, ќе бидат реализирани во текот на 2025 година.

Координатор за спроведување на активностите од Планот за интегритет на Министерството за одбрана и одговорно лице за соработка со Норвешкиот центар за интегритет во одбранбениот сектор (CIDS)

Никица Јовановска

## X. Област I: - Управување со човечки ресурси

**Репер:** - Подобрена ефикасност на системот за управување со човечки ресурси

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на регулатива за спроведување на планирањето во управувањето со човечки ресурси. | Подготвена регулатива за планирање на човечки ресурси | Да | Подобрување на системот на планирање во областа на човечки ресурси | | Активност 2.3 од Планот на активности за 2024 година<br><br>Подготвена е Методологија за реализација на активноста. Истата е дел од Планот на активности за 2025 година и во целост ќе биде реализирана во текот на 2025 |

**Област: IV - Јавни Набавки**

| **Репер:** - Подобрена организациска структура и институционален капацитет за да се обезбеди интегритет и транспарентност во јавните набавки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 5. Обука Управување со ризици и регистар на ризици во јавните и одбранбените набавки | Реализирана онлајн обука во делот управување со ризици и регистар на ризици во јавните и одбранбените набавки | Да | Подобрени вештини и подобрена практична примена на ризиците во јавните и одбранбените набавки | 23 | Активност 3.2 од Планот на активности за 2024 година<br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

**Област: VI - Внатрешна контрола**

| **Репер:** - Зголемена улога на внатрешната ревизија и на инспекторатот во градењето интегритет | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| Анализа на ефектите од спроведувањето на Етичкиот кодекс на вработените во МО и Армијата | Унапредување на системот на добро владеење во одбраната и промовирање и заштита на интегритетот и професионализмот | Не | Утврдени се недостатоците и потребите за унапредување во однос на доброто владеење во одбранбениот сектор | / | Активност 38 од Планот на активности за 2024 година<br>Активноста ќе се реализира во текот на 2025 година поради измени и дополнувања на Етичкиот кодекс |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на јазот на добро владеење | Утврдени недостатоци и потреби во однос на доброто владеење во одбранбениот сектор. | Да | Унапредување на системот на добро владеење во одбранбениот сектор со разгледување на потребата за понатамошно промовирање и заштита на интегритетот и професионализмот. | / | Активност 1.7 од Планот на активности за 2024 |
| Преглед на постојаниот систем и практики во врска со “донесувањето одлуки“ во рамки на МО и Армијата | Разгледување на постојаниот систем на донесување на одлуки во МО и Армијата | Да | Споредување и согледување на најдобрите практики преку разговори со авторитетите во МО | | Активност 37 од Планот за интегритет 2021-2024 |